Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm
Бр.-Nr. 01-405/11
30.07. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК бр. 1

**Од Комисијата за полагање на практичен испит на 30.07.2024година во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам**

Практичниот испит започна во 11:00 часот

Практичниот испит го отвори и со него раководеше Наташа Мирошниченко Велјаноска, Советник урбанистички инспектор како ментор на кандидатот.

На состанокот присуствуваа членови на Комисијата:

1. Ристе Георгиев ,Виш комунален инспектор
2. Јетон Буќи, Помлад градежен инспектор,
3. Ресул Шемо, Член на инспекциски Совет од областа на Градежништво, урбанизам и транспорт.

И кандидатот од листата на кандидати за полагање на практичниот испит:

4. Мевлан Рамадани, со работно место Самостоен инспектор-Самостоен урбанистички инспектор.

Практичниот испит се состои од самостојно спроведување на симулиран инспекциски надзор, со коефициент на сложеност Q3 и Q4, соодветна на В2 нивото на кандидатот за инспектор. Со прашања до кандидатот од следниве области:

-Планирање и подготовка за инспекциски надзор
-Спроведување на инспекциски надзор
-Затварање на инспекциски надзор
-Документирање на инспекциски надзор

Првото прашање го постави менторот Наташа Мирошниченко Велјаноска, Советник урбанистички инспектор како ментор на кандидатот: При вршење на редовен инспекциски надзор, какви прашања поставува урбанистичкиот инспекторот на субјектот на надзор?

- Одговорот на кандидатот: Се поставуваат прашања од Листата на проверка која содржи стручни прашања кои се произлезени од Законот за урбанистичко планирање, како дали градоначалникот имаат оформено: Комисија за урбанизам, Програма за изработка и финансирање на урбанистички планови, Партиципативно тело и дали работата по Тарифникот за урбанистичко планирање.

Второто прашање го постави Ристе Георгиев ,Виш комунален инспектор, како раководно лице од инспекциска служба: Што се испраќа пред почеток на перовен инспекциски надзор?

- Одговорот на кандидатот: Известување до субјектот на надзор.

Трето прашање постави Јетон Буќи, Помлад градежен инспектор: Кога се прави контролен инспекциски надзор?

- Одговорот на кандидатот: Кога се утврени неправилности при редовен и контролен надзор, се задолжува да ги отстрани со решение, по зададениот рок се врши контрола со контролен записник, дали се остранети неправилностите.

Четврто прашање постави Ресул Шемо, Член на инспекциски Совет од областа на Градежништво, урбанизам и транспорт: Какви видови на инспекциски надзори постојат?

- Одговорот на кандидатот: Инспекцискиот надзор може да бидат редовен, вонреден и контролен.

Комисијата едногласно одлучи дека кандидатот одговорил на прашањата соодветно на следнава бодовна листа:

-Планирање и подготовка за инспекциски надзор---------------------15 бодови
-Спроведување на инспекциски надзор---------------------------------------30 бодови
-Затварање на инспекциски надзор-------------------------------------------30 бодови
-Документирање на инспекциски надзор-----------------------------------15 бодови

Комисијата одлучи дека Испитот се смета за положен, бидејќи кандидатот за инспектор Мевлан Рамадани, Самостоен урбанистички инспектор, освои вкупно 90 бодови.

Практичниот испит заврши во 15:00 часот

За спроведениот практичен испит, од страна на Комисијата се состави записник сво согласност на сите членови:

Наташа Мирошниченко Велјаноска, Советник урбанистички инспектор
Ристе Георгиев ,Виш комунален инспектор
Јетон Буќи, Помлад градежен инспектор
Ресул Шемо, Член на инспекциски Совет